До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје**
(имател на информацијата)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: / Pranuar: 25.08.2023 | | | |
| Орг. Един. / Njesia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 787/1 | | |

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Да ми се дозволи да извршам увид во списите од предметот по кои е донесено вашето решение под Уп.бр.1104-217 од 05-07-2023г.; како и решението под Уп.бр.1101-58 од 12-07-2023г.; . Доколку се јави потреба и копија од некои списи.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- **а) увид**
- б) препис
- в) фотокопија (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ______

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:
[redacted]
(странки во наведениот предмети од кои се бараат информациите)

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

**НАПОМЕНА:** Пратките да се доставуваат на следната адреса:
[redacted]

ПОДНОСИТЕЛ: [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

27.09 2023 година

**Архивски број:** 1005-787/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 25.09.2023 година и заведено со наш број 1005-787, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ “ бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

10.10.2023

До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.

1005 787/3

Предмет : **приговор** затворено 12.10.2023

Во врска со доставениот ваш допис под **Арх.бр.1005 - 787/2 од 27-09-2023г.** ви укажувам на следното:

Остварувањето на правата на граѓаните предвидени во Законот за социјална заштита е од јавен (општ) имтерес.

**Доказ:** увид во чл.2 од Законот за социјална заштита.

Според тоа секој граѓанин има право да се интересира и добива информации за постапки кој се водат за остварувањато на вакви права (од јавен интерес) и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК); по потреба применувајќи го и предвидениот согласно ЗСПИЈК „тест на штетност„ ; притоа внимавајќи и на одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Уште повеќе (и подобро) што во конкретниот случај барателот на информациите од предмет кај имателот на информациите (Државната комисија) е странка во постапката па имателот на информациите не мора да внимава за да ги отстранува личните податоци од бараните информации бидејќи тие лични информации се од самото лице - барател на информациите.

Поради претходно наведеното и друго неиздржани се вашите постапки и дејства како и вашите наводи во дописот под Арх.бр.1005 - 787/2 од 27-09-2023г. па затоа **повторно ве повикувам** да постапите по моето БПИЈК (од 25-09-2023г.) согласно ЗСПИЈК и **донесете соодветно решение согласно кое ќе ги добијам во целост бараните информации**.

Од пракса и веќе е потврдено и сосема јасно дека одредени службени лица кај имателот на информациите тенденциозно вршат опструкции и одбиваат да ми ги дадат бараните информации (и тие кои не се побарани согласно ЗСПИЈК), се со цел да ја одолговлекуваат постапката во неразумен рок, оневозможат барателот да ги оствари своите права (од јавен интерес) и воедно дополнително да му причинат штета во смисол направени трошоци и денгуба во постапките за докажување на своите права.

**НАПОМЕНА:** пратките да се доставуваат на следната адреса: [redacted]

Подносител: [redacted]

# Република Северна Македонија
# Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

18.10 2023 година

**Архивски број:** 1005-787/4

**До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Известување, доставување**

Почитувани,

Лицето [redacted] на ден 10.10.2023 г. до Државната комисија достави Приговор на допис со наш број 1005-787/3 од 27.09.2023 г. Од причина што Вие сте надлежни да постапувате по изјавени жалби согласно закон, доставениот приговор Ви го препраќаме на Ваша надлежност и постапување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Прилог: Приговор на* [redacted] *(оригинал)*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Разг.! /контр. /претсед.
20.11.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i çertifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 03-5 Скопје,Shkup,Skopje 20.10 2023година/viti/year

**До**

**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

Кеј.„Димитар Влахов" бр.4
С к о п ј е

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendosje në Procedurë Administrative dhe Procedurë nga Marrëdhënias së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27.10.2023 | | | |
| | | Прилог: Shtojca | Вредност: Vlera: |
| 1005 | 787/5 | | |

Арх. знак/Shenja ark vore ______
Рок на чување Afati i ruajtjes ______
______ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi

ПРЕДМЕТ: **Враќање на Претставка во надлежност**

ВРСКА: **Претставка насловена „Приговор" бр.1005-787/3 од 10.10.2023 година**

Лицето [redacted] од Скопје на 10.10.2023 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднело Претставка, насловена „Приговор", заведен во Државната комисија под бр. 1005-787/3. Од наводите во Претставката може да се заклучи дека таа се однесува на изразено незадоволство од страна на [redacted] од Скопје по добиен одговор од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен бр.1005-787/2 од 27.09.2023 година, по негово претходно поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија.

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, сметајќи се за ненадлежна за постапување по наведената Претставка истата, со допис бр.1005-787/4 од 18.10.2023 година, ја препрати во надлежност на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во прилог на дописот не ги достави списите по предметот.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и укажува на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен дека нема законска надлежност за постапување по претставки доставувани до други јавни органи. Имено, согласно член 30 став 1 алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата „води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или

отфрлил барањето за пристап до информации на барателите".

Во конкретниот случај до Агенцијата не е доставена жалба од лицето [redacted] од Скопје против решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Од наведената причина, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер Ви ја враќа Претставката од [redacted] од Скопје на Ваша натамошна надлежност.

**Заменик директор/Zëvendës drejtor,**
**Blerim Iseni**

Изготвил: Цветан Станоески
Одобрил: Исамед Сељмани
Доставено до:
- архива на Агенцијата
- подносител на Претставка
- до Иматело на информации

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 03-5
20.10 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

22.11 2023 година

**Архивски број:** 1005-787/6

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Приговорот доставен од Ваша страна до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а кој се однесува на допис со наш арх.број 1005-787/2 од 27.09.2023 г., Ве известуваме за следново:

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен останува на Известувањето со наш број 1005-787/2 од 27.09.2023 година.

Воедно, Ве информираме дека Државната комисија не постапи навремено по приговорот доставен од Ваша страна од причина што на претседателот и членовите на комисијата на ден 18.10.2023 г. им престана мандатот. По избор на новиот состав на комисијата, Државната комисија во најкус можен рок постапи по поднесениот приговор.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk